МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Скопје, 2019 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ број 27/14, 199/14 и 27/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематицација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-6397/1 од 01.06.2015 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-11933/2 од 01.12.2015 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-11314/3 од 08.12.2015 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-2753/2 од 20.02.2016 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-5362/2 од 13.06.2016 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-6948/1 од 11.07.2016 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-8800/3 од 29.09.2016 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-10445/1 од 01.12.2016 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-994/1 од 01.02.2017 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-2947/1 од 11.04.2017 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-5497/1 од 31.07.2017 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-2591/1 од 03.02.2018 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-5444/1 од 26.04.2018 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-6112/1 од 17.05.2018 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-

8025/3 од 03.08.2018 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-9996/2 од 06.11.2018 година, измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-7601/1 од 18.07.2019 година и измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр.04-10416/1 од 18.10.2019 година (во натамошниот текст: министерството) и тоа:

**Член 2**

Во член 5 од Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се врши измена во Табеларниот преглед на работни места и тоа на ниво Б01, Б02, Б03, Б04, В01, В02, В03 В04, Г01, Г02, Г03 и Г04.

**Член 3**

(1) Во член 24 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 151 Советник за сметководство на фарма се менува бројот на извршители наместо "1" извршител, треба да стои "2" извршители.

(2) Во член 24 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 151 Советник за сметководство на фарма во видот на образование по зборовите "Економски науки" се додаваат зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија".

(3) Во член 24 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 152 се брише.

**Член 4**

(1) Во член 28 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 232 Советник за унапредување со земјоделско земјиште се менува бројот на извршители наместо "2" извршител, треба да стои "3" извршители.

(2) Во член 28 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 233 Соработник за следење на слободно земјоделско земјиште се менува бројот на извршители наместо "2" извршител, треба да стои "1" извршители.

**Член 5**

(1) Во член 31 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 290 Помлад соработник за подготовка, прибирање и помагање на подрачните единици во обработка на податоци од регистрите се менува бројот на извршители наместо "2" извршител, треба да стои "1" извршители.

(2) Во член 31 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 415 Советник за анализа на податоците од регистрите на министерството во видот на образование по зборовите "Економски науки, Јавна администрација" се додаваат зборовите „Растително производство".

(3) Во член 31 Табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 415 Советник за анализа на податоците од регистрите на министерството се менува бројот на извршители наместо "1" извршител, треба да стои "2" извршители.

**Член 6**

(1) Согласно извршените изменувања и дополнувања на интегрираниот текст на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се вршат измени и дополнувања во табеларниот преглед.

**Член 7**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува и ќе се објави на огласна табла и на интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по добивањето на писмената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 04-10904/1
31.10.2019 година
Скопје

МИНИСТЕР,
Трајан Димковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ - SHKUP